Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 03-103/2 Комисија за хартии од вредност
12 февруари 2018 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

---

**577.**

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) и врз основа на член 38 став 4 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 12.02.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА СУБДЕПОЗИТАРНА БАНКА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**

Член 1

Во Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2013, бр. 32/2014, бр. 101/2014 и бр. 28/2015, бр. 126/2015 и бр.182/2016) во член 8 зборовите “најдоцна до 31.12.2017 година” се заменуваат со зборовите “најдоцна до 31.12.2018 година”.

Член 2

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за измена на Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд, од времен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/2017).

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 03-172/1 Комисија за хартии од вредност
12 февруари 2018 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**578.**

Врз основа на член 95 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Сл.весник на РМ“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15 и 27/16), Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, на седницата одржана на ден 29.1.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНИТЕ ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Член 1

Висината на средствата за финансирање на активните програми и мерки за вработување се утврдуваат на 32% од месечно остварениот приход од придонесот за вработување и се издвојуваат на потсметка во Агенцијата за вработување на Република Македонија наменета за активните програми и мерки за вработување, најдоцна до 30-ти во месецот за претходниот месец.

Член 2

Агенцијата за вработување на Република Македонија е должна издвоените средства да ги користи исклучиво за намените утврдени во член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува почнувајќи со месечно остварениот приход од придонесот за вработување во месец јануари 2018 година.

Бр. 02-301 Претседател
29 јануари 2018 година на Управен одбор,
Скопје **Миланчо Успрцов,** с.р.